ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 904:737.1(381)"652"

Викторија СОКОЛОВСКА

# ПАРИТЕ И ИСТОРИЈАТА

**Клучни зборови**: *Монети, пари, историја, Пајонија, Македонија*

**Апстракт:** *Како составен дел на археологијата нумизматиката зазема значајно место во историјата на сите народи и сите времиња. Атрактивна по својата природа и улогата што ја има како цврст и неоспоруван документ, нумизматиката била предмет на истражување од дамнешни времиња. И во нашата земја зазема заслужено место не само како предмет на истражување во научните институции, но и како колекционерство, што се покажа како корисна појава. Кај нас монетните наоди се објавувани во разни списанија. Со основањето на МАКЕДОНСКИ НУМИЗМАТИЧКИ ГЛАСНИК во 1994 година, чија заслуга му припаѓа на Јован Кондијанов, Македонија се здоби со стручно списание какво на нашата земја и недостигаше. Издавањето на неколку публикации објавени од постојаната музејска поставка на Народна банка на Македонија, ја збогати нумизматичката литература на земјата со солидни и луксузно опремени изданија.*

*Овој труд има за цел да направи осврт врз поедини впечатливи моменти поврзани со нумизматичките откритија во Македонија, а во исто време да одигра улога на потсетник на идните генерации за почетоците на нумизматичките проучувања во земјата и нивниот придонес во осветлувањето на историското минато на Македонија.*

Моето прво соочување со антички монети дојде со вработувањето во Археолошки музеј во Скопје во 1954 г. Покрај колекцијата на атичките вази откриени во Демир Капија мене ми припадна и грижа за збирката антички монети кои дотогаш беа собрани во музејот во текот на подолг временски период. Со помош на литературата која во тоа време се наоѓаше во Музејот, Head, Historia Nummorum, Oxford 1911 и Мушмов Н. Античните монети на Балканскија Полуостров, 1912, како и Sylloge numorum grecorum, Copenhagen 1943, (која ја користев од Археолошкиот институт во Белград) успеав да навлезам во проблематиката и да ги протолкувам и обработам сите монети. За првпат во мои раце држев монети на Аминта III, Филип II и Александар III, монети на Ликеј и Аудолеон. Ова мое крштевање со нумизматиката резултира во објавување на збирката во посебен труд.[1]

* * *

Наодите од така нареченото племенско монетоковање во нашата земја беа скоро непознати, поточно речено, на нив не им беше обрнато внимание како на значајна историска граѓа. Објавени за првпат од Своронос, сознанијата дека тие монети се најдени во Штип и други места во источна Македонија, доведоа до заклучок дека Дероните и Лајаите, чии имиња се испишани на монетите, (Сл. 1) се пајонски племиња лоцирани во регионот на источна Македонија.[2] Со тоа, податокот на Тукидид (2, 99, 3) за позицијата на Лајаите во регионот на Пауталија и источна Македонија, спомнат во неговиот опис на Ситалковиот поход на Македонија во 429 г. пр.н.е. доби безрезервна потврда. Ова откритие доведе до сознание дека на пајонска територија искованите се најстарите монети во заднината на Егејското крајбрежје. Во исто време, ковањето на овие монети во внатрешноста на Балканот покажа присуство на грчки мајстори на пајонска територија, појава која нешто подоцна ќе биде потврдена со присуство на хеленски колонисти на поширок простор на пајонската територија. Хеленските историчари и патепис-

[1] Соколовска 1966, 23-32, 5 табли.

[2] Svoronos 1979, 1 и н.; Hammond 1979, 75, 76; Соколовска 1990, 11 и н.



Слика 1. Октодрахма на племето Лајаи, Штип, (Svoronos)



Слика 2. Статер на племето Орески, Вардарски Рид, (Хусеновски)

ци знаеле дека во внатрешноста на Балканот, на пајонска почва, има злато и сребро, па знаејки ја нивната вредност рано се отиснувале во потрага по овие метали за кои биле живо заинтересирани. Овие констатации, како и останата археолошка граѓа откривана на поширок простор овозможија да се дефинира територијата на Агријаните, еден проблем, дотогаш нејасен и неопределен во науката, заклучок кој доби потврда во сочуваните информации во историските извори, (Str. VII, fig. 36). Оставата на монети на Дероните откриена во Врање се покажа како уште една потврда за определување на територијата населена со пајонските Агријани.[3]

Теренските истражувања вршени во подолг временски период во земјата и откритијата притоа направени на поширок простор покажаа значителни промени во културната и духовната сфера на домородното, пајонско население. Се воспостави дека овие промени се должат на присуството на хеленски доселеници. Нивното физичко присуство потврдено е на повеке стари, пајонски населби - Виничко Кале - Виница, Кале - Кршевица, кај Врање, Градиште - Бразда, Скопје, Градиште - Жданец, Скопје, Отовичко Кале, Демир Капија, Исар Марвинци, Валандово, Вардарски Рид, Гевгелија, при што занемарувајки ги оригиналните, домородни имиња, сега на населбите новодојдените им давале свои, хеленски имиња - Stenai, Harmonia, Gortynia. Населувајки се на туѓа, пајонска почва тие со себе донесле предмети кои дотогаш ги употребувале, најчесто керамички садови, дури и надгробни споменици. Така, поимот "импорт" често користен во археолошката наука како термин поврзан со трговијата, би требало да претрпи извесна измена. Трговијата секако и натаму постоела. Атичките керамичари секако имале интерес нивните производи да се најдат во друго опкружување, но во основа нивната појава навестува доселено хеленско население.[4] Како најстар наод на пари, без сомнение доказ за раните контакти ни служи наодот на статер со приказ на сатир како грабнува нимфа, припишан на племето Орески, датиран 510-480, (Сл. 2) откриен на Вардарски Рид.[5]

* * *

Едно од значајните откритија направени на територијата на Македонија е откривањето на монета на Тевтај, за кој се верува со голема веројатност дека припаѓа на пајонски владетел, дотогаш непознат во науката. Монетата е откриена во Корешница, недалеку од Демир Капија, која без сомнение важи за седиште на пајонските владетели во раниот период на антиката. Се работи за сребрен диобол, со претстава на бик на аверсот и кантарос околу кој е испишано името ΤΕΥΤΑΟ(Σ) на реверсот. Авторите кои ја објавиле монетата временски го ставааат Теутаос во третата четвртина на IV век пр. н. е.[6] (Сл. 3) Од наша гледна точка со ова откритие се работи за наод кој потврдува постоење на кралска функција во Пајонија значително пред Агис. За ова може да послужи како доказ и информацијата за скулпторот Деиноменес, ученик на Поликлет, кој направил статуа на пајонската кралица Бесантис.[7] Овој податок и временски се совпаѓа, значи, рана антика, некаде последните децении на V век пр.н.е.

---

[3] Митровиќ 2005, 59 – 88. Се проценува дека оставата откриена во Врање содржела околу 100 парчиња деронски монети, од што се најдени 24 деронски примероци и една монета на Александар I. За територијата населена со племето Агријани, види моја статија, Соколовска 1990, 1-34.

[4] За импортот во Пајонија, види Соколовска 2016, 53 и н. И во најново време атичката керамика откриена во Демир Капија и други локалитети на пајонскиот простор се смета како резултат на трговски импорт. Види, Akamatis 2022, 169-184.

[5] Хусеновски 2007, 21.

[6] Лилчиќ, Јосифовски 1994, 27-37.

[7] PW RE IV< Z, 1901, S.v. Deinomenes, v, 23-94 – 2395.



Слика 3. Диобол на Теутаос, Корешница, (Лилчиќ, Јосифовски)

* * *

Макар што е временски значително подоцнежен, да се потсетиме дека во Демир Капија, во дворното место на локалната болница, каде што се протега раноантичката некропола, во 1969 г. Е откриена монета на Патраос, (Сл. 5) убав примерок на драхма со ликот на Патрај на аверсот и дива свиња со кадуцеј на реверсот.[8]

И на ова место е потребно да споменеме некои не така чести наоди на монети, наоѓани поединечно во културни слоеви, често пати надвор од хронолошкиот контекст. Така, на Исар - Марвинци откриени се две монети на Александар I (498 - 454). Едната монета е лесен тетрабол, со претстава на коњ на аверсот и шлем во вдлабнат квадрат на реверсот (Сл.4 а). Втората монета е од ист тип, но со претстави надесно. (Сл. 4 б). Датирани се 476-460.[9]

За време ископувањата на акрополата на Исар-Марвинци до 1985 г. откриени се монети на Аминта III (398-383, 381-369). Една е дидрахма од типот Херакле со брада на аверсот, и коњ во квадрат на реверсот. Другата со орел на гранка, трета иста со орел колве змија на реверсот.[10] Условите под кои се најдени зборуваат дека тие биле во оптицај во своето време. Монети откриени на Исар Марвинци од 1977 до 1985 г. објавени се во мојот труд.[11] Монетите од подоцнежните ископувања не се објавени. Исклучително интересно депо на монети на Филип V откриено на просторот каде се протега раноантичката некропола на Исар – Марвинци објавено е од Н. Шелдаров.[12] За разлика од Марвици целокупниот фонд на најдени пари на Вардарски Рид меѓу кои е и остава од 51 примерок на сребрени пари на Александар III, објавени се од Б. Хусеновски во посебна монографска студија.[13] Вредно е да спомнеме на ова место објавувањето на наодите на македонски монети откриени за време на, таканаречените, интензивни ископувања на Самуиловата тврдина изведени во периодот од 2001 – 2013 г, како и монети откриени во Македонија ковани за време на Филип V и Персеј.[14]

Неколку остави, одн. колективни наоди монети откриени на територијата на Македонија имаат свое повеќестрано значење, но во исто време покренуваат прашање кога, зошто, под кои околности тие вкупни пари се закопувани. Обично се смета дека се работи за кризни времиња, наезди на варвари и друг вид непријателски упади кога било нужно стечениот имот да се сочува.[15] Веќе добро се познати оставите од Прилепец и Букри кои содржеле тетрадрахми на Александар III, Филип III Аридеј, Деметриј I Полиоркет, Лизимах, Селеук I Никатор, Аудолеон и Атина. Депото од Фурка има иста содржина како претходните две. Групниот наод од Вардарски Рид, кој има иста содржина како претходните, е откриен во рамките на куќа, среде населба, што покажува поинаков однос на сопственикот кон вредностите кои ги поседувал. Не навлегувајќи подетално во проблематиката што ја изнесуваат закопаните депоа, ќе го споменеме само депото на монетите на Филип V откриено на просторот каде што се протега некрополата на падините на Исарот во Марвинци.[16] За овие се смета дека се закопани пред Келтскиот поход на Делфи кога Македонија била загрозена од упадот на овие варварски орди.

Посебен интерес побудуваат тетрадрахмите на Првата македонска област, убави примероци со претстава на Артемида прикажана врз маке-

---

[8] Соколовска 1973-1974, Т. III, сл. 7.

[9] Митревски, Темов, 1999, 155, Сл. 4.

[10] Соколовска 1986, 93, Т. 41, 1-3.

[11] Соколовска 1986, 93-95, Т.41; 132-137, Т. 55.

[12] Шелдаров 1996, 41-47.

[13] Хусеновски, 2004.

[14] Павловска 2022, 311-350; Јосифовски 2022, 241-278.

[15] Тоа се познати откритија, објавени во македонската нумизматичка литература.

[16] Види заб. 12.




Слика 4. Тетроболи на Александар I, Исар-Марвинци, (Митревски, Темов)

донски штит на аверсот и натпис MAKEΔONON ΠΡΟΤΕΣ на реверсот. За нас е од интерес депотот од 35 примероци откриено во Богданци.[17] Се смета дека се ковени во кус временски интервал, помеѓу 158-150.[18] Откривани како поединечни примероци или во депо, доспеале на поширока територија. Едно такво депо кое содри 121 примерок е откриено во северозападна Бугарија.[19]

* * *

Убикацијата на Дамастион е проблем кој сеуште побудува интерес меѓу истражувачите на антиката. Макар што се работи за град основан на "илирска територија" од бегалците од Егина и Менде по нивното уривање од страна на Атина, (431 одн. 423 г.), како што вели Страбон (VII, 7, 8; VIII, 6, 16), лоцирањето на Дамастион се покажа како проблем значаен и за нас. Дамастион ковел сребрени монети - тетрадрахми, драхми и тетраоболи во текот на IV век пр. н. е. Значителен број примероци од дамастионски пари најдени се на наша територија или во нејна близина[20], значи, територија поврзана со пајонско-агријанксиот простор. (Види Сл. 6) Ова не е место за опширен коментар околу проблемот за лоцирањето на Дамастиом. Само ке потсетам, дека, веке одамна се објавени моите мини студии во кои го имам изложено моето размислување за позицијата на Дамастион и аргументите врз кои се темели мојот предлог за негова местоположба.[21] Предлозите базирани врз епиграфски потврди, како мое мислење, и општата положба околу проблемот за убикацијата на Дамастион не се коментирани во македонската стручна литература, освен позитивното мислење на И. Микулчиќ. Мојот предлог за лоцирање на Дамастион кај Сочаница, во регионот на Копаоник, го наведува Е. Павловска во нејзиното посебно издание на пајонските монети кои се наоѓаат во нумизматичката колекција на Народна банка на Македонија.[22]

Во студијата на дамастионските монети, која не може да биде надмината, и покрај сестрано обработениот проблем, Меј не успеал да го насочи лоцирањето на Дамастион во позитивна насока.[23] Анализата на патните правци кои Д. Ујес детално ги образложува, како и деталната проспекција на дамастионските монети и положбата на рудните лежишта, зоната во која треба да се бара Дамастион и неговите рудници, најверојатно е областа на Метохија и Косово, заклучува Ујес.[24] Мојот предлог за убикација на Дамстион кај Сочаница, Ујес го смета за "сувише удаљен".[25] Значи, местоположбата на Дамастион се уште претставува проблем. Во оваа пригода посебно сакам да го истакнам и повторам податокот кој го изнесува Д. Ујес за топонимот DIMOSTI забележан на Tabula moderna Bossinae, Serviae, Greciae et Sclavoniae. Тоа е карта издадена од германскиот картограф Martin Waldeseemuller во 1513 г. На неа, покрај

[17] Петрова 1999, 35-44.

[18] Битракова Грозданова 1987, 98.

[19] Prokopov 2012, 39 i n.

[20] Ујес, Ромиќ 1996, 82 - 86 дава целосна дисперзија на дамастионски пари.

[21] Соколовска 1990, 22, 23; Соколовска 2005, 91 и н.; Sokolovska 2011, 7-13.

[22] Павловска 2008, 26, заб. 110.

[23] May 1936, 28.

[24] Ујес, Ромиќ 1996, 93.

[25] Ујес, Ромиќ 1996, 88, заб. 24; 82; Ujes 2002, 110.



Слика 5. Драхма на Патраос, Демир Капија, (Соколовска)



Слика 6. Тетрадрахма на Дамастион прекована во Пелагија, Градиште – Градец, (Соколовска)

современите топоними, на просторот кој може приближно да се означи како Метохија и Косово, забележан е топоним DIMOSTI.[26] Оваа информација, која Ујес ја смета како значајна но крајно релевантна, треба да остане во центарот на идните проучувања за местоположбата на Дамастион.

За идните, а и за сегашните истражувачи на убикацијата на Дамастион и неговите рудници со сребро, би сакала да потсетам и укажам на поедини моменти кои не треба да се занемарат, макар што тие се добро познати.

- *Дамастион е основан на илирска територија*. Кале - Кршевица, претпоставената Дапарија, се наоѓа на агријанска територија. Тоа е агријански град кој ковел свои монети во ковницата на Дамастион. И Сарноа (Градиште Бразда, Скопје ?), е ориентирана кон Дамастион и ги користи неговите услуги за ковање на своите монети. Пелагија (Тетово ?) се смета дека ковала свои монети. Можеби за ова може да послужи како добар пример монетата најдена на Градиште – Градец.[27] Наведените градови, на кои се навраќаме и подолу, лоцирани се на агријанска територија.[28]

- *Дамастион го основале Грци од Егина и Менде* откако Атињаните ги разориле нивните градови во 431, одн. 423 г. пр.н.е.

- Нивниот избор за населување била зона со богати лежишта на сребрена (и златна) руда, за која тие, без сомнение биле известени од порано.

[26] Ујес, Ромиќ, 1996, 89, 90. Картата се чува на острово Хвар. Д. Ујес се повикува на Г. Шкриваниќ, Martin Waldeseemueller, Tabula Moderna Bossinae, Serviae, Graeciae et Sclavoniae, Историјски часопис 19/1972, Београд, 55–65.

[27] Соколовска 1990, 29, Сл. 20.

[28] Соколовска 1990, 24.

(Да се присетиме дека во Игларево се најдени микенски мечеви.)

- На надгробните споменици најдени во Сочаница, забележани се 20 (дваесет) грчки имиња, меѓу кои има и ослободеници.[29] Тие се од раноцарскиот период, значи значително подоцнежни. Но нивното присуство зборува дека и во римско време во Сочаница, (MUN. D. D.), која се наоѓа во срцето на Копаоник и Рогозна, живееле Грци. Нема сомнение дека се занимавале со рударство.



Слика 7. Бронзена монета на обласа Доберос.

Прашањето до кога била активна дамастионската ковница не е дефинитивно решено. Политичките настани кои се случуваат после Александар Македонски довеле до подем на Дарданците, што се манифестира во нивното ширење кон североисток. Доколку нашата претпоставка за лоцирањето на Дамастион, во долината на Ибар се покаже како прифатлива, ширењето на Дарданците и нивниот пробив кон север, североисток и југоисток е најсериозна причина за крајот на активноста на дамастионската ковница.[30] Нешто подоцна, со наездата на Келтите, доаѓа до драстично осиромашување на целиот простор. Скопско – кумановскиот регион и Косово Поле го окупираат Дарданците, а Брегалничкиот регион тракиските Меди. Присуството на Скордисците во Поморавјето е историски дефинирано, а со откритијата на Кале – Кршевица и археолошки потврдено.[31]

* * *

На Меј се враќаме уште еднаш. Овојпат треба да ги споменеме монетите на Никарх и Симон кои тој ги објавува во својата студија за дамастионските монети.[32] Се работи за исклучително ретки примероци. Монетата на Симонос е најдена во Кутинската остава. Монетата на Никарх се чува во Париз. И двете монети се тетрадрахми од дамастионски тип. Меј ги смета Никарх и Симон за локални владетели. Не намалувајки ја вредноста на неговото мислење, јас само ќе додадам дека Симонос и Никархос се агријански владетели. Кон нив треба да се приклучи Диплај, чии монети се најдени во оставата од Режанци. За неговото монетоковање потребно е да се истакне дека монетите што ги издавал работени се под влијание на Патрај, тој не ја користел дамастионската ковница. И како заклучок на ова излагање, заради потсетување на одамна изнесени констатации – предлози, прилагам листа на агријански владетели, при што, треба да потсетам на мојот одамна изнесен предлог во античката нумизматика да се отвори поглавје - *Монетоковање на Агријаните*.[33]

**Агријански владетели**

Никархус - о. 365 – 360 г. Неговите монети се ковани во Дамастион.

Симонос - о. 355 г. Неговите монети се ковани во Дамастион.

Лангарос - посведочен 335 г. како учесник во походот на Александар III на Трибалите.

Диплаиос - владеел до 314. кога територијата на Агријаните е присоединета кон Пајонија. Диплај не ја користел ковницата на Дамастион.[34] Најверојатно неговите монети се ковани во ковниците каде што се ковени монетите на Лајаите и Дероните. (Нема да биде за изненадување да е тоа Виничко Кале, претпоставената Хармонија).

* * *

Еден од се уште неразјаснетите проблеми во македонската нумизматика е прашањето на кого припаѓаат бронзените монети со претстава на глава на Зевс на аверсот и молња со натпис ΠΑΙΟΝΟΝ и монограм Δο на реверсот. (Сл. 7) Поедини истражувачи сметаат дека се работи за монети на Дропион, последниот пајонски крал. Во Каталогот на колекцијата на Народна банка наведени се 46 примероци, од кои најголем број потекнува од Дреново, Кавадарци. Авторот на трудот се определува за нивна припадност на Дропион, при што, на еден од примероците претставата на маж на аверсот ја толкува како лик на самиот Дропион.[35] Мегутоа, одамна од страна на Геблер

[29] Чершков, 1970, 82.

[30] За ова, поопширно, Соколовска 1990; Соколовска 2005, 42 и н. Соколовска 2005а, 133 и н.

[31] Papazoglu 1969, 209 и н.; Поповиќ 2012.

[32] May 1939, 84.

[33] Sokolovska 1996, 13-22.

[34] Sokolovska 1996, 13-22.



Слика 8. Бронзена монета на Лихнидос, (Битракова Грозданова)

е искажано мислење дека овие монети припаѓаат на пајонската област Доберос, на која, Филип V и дозволил, како и на другите соседни области, Амфакситида и Ботиаја, да издаваат свои монети.[36] Моето размислување околу проблемот се совпаѓа со мислењето искажано од Геблер. Во отсуство на друга прилика, мислам дека овде е место да го образложам моето мислење за припадноста на овие монети на областа Доберос.

Веќе многу одамна археолошките истражовања по течението на Вардар покажаа значително отсуство на археолошки материјал од поголемиот дел на средишните децении на III век пр.н.е. Оваа појава зачудува кога се има предвид дека во текот на IV век постоел голем прилив на производи од јужните хеленски производни центри. Дури од крајот на III век повторно ке се сретнеме со квалитетни предмети кои зборуваат за оживување на комуникациите во регионот. Како одговор на ова прашање следи констатација дека оваа појава се јавува како последица од пробивот на Келтите од 280/79 г. кои на патот кон Делфи уништиле се на што наишле. Притоа е забележано отсуство на население кое било принудено да избега барајќи спас од упадот на инвазорите, со други зборови, настаната е видна депопулација на население во Повардарјето.[37] Слична појава се среќава и по течението на реката Брегалница.[38] И додека, овој регион на Пајонија ќе биде освоен од Тракијците, Повардарјето, сега во рамките на Македонското кралство, ке најде сили да закрепне и да се врати во живот. Познато е дека Филип V се обидел да ги обнови уништените градови во регионот. Овој период на обнова е забележан во Стоби, а особено во Демир Капија, античката Стене, Исар Марвинци - Доберос и Вардарски Рид - Гортинија. Археолошките истражувања на овие локалитети покажаа видно обновување, кое се јавува претежно како последица на новодојдено население, кое ке потрае и до потпаѓањето на Македонија под Римјаните. Содржината на некрополите покажа дека во овој период, последните децении на III и првите децении на II век настанува стабилна економска состојба, а во културна смисла доаѓа до единство на материјалната култура со Пела и Бероја. Во градежништвото се забележува напредок, а гробните прилози – квалитетни керамички прилози, теракоти и златен накит во префинета мајсторска изведба, покажуваат значителна благосостојба на населението.[39] Животот во регионот добива подлабока содржина. Се забележува присуство на елементи кои зборуваат дека драмската игра се појавува како културна надградба во кругот на населението далеку пред појавата на трајните театарски објекти во Стоби, Хераклеја и Лихнид. Потврда на овој феномен се наоѓа во многубројните предмети со театарска содржина.[40]

И во религиско-духовната сфера настануваат новини. Култот на Кибела чие почитување датира одамна, сега јавно се манифестира со ликовни претстави на ова старо малоазиско божество. Иста слика даваат откритијата на не многу оддалечената Антигонеа.[41] Во Демир Капија се гради светилиште на Диоскурите со посветени ликовни претстави на браќата близнаци, Кастор и Полидеук. А дека нив ги почитувале многубројни обожаватели сведочат монети прилагани во светилиштето. Нивната бројка од 200 парчиња зборува за бројни верници. А времето на овој настан го потврдуваат бронзените монети, автономни изданија без име на владетели, ковени околу 185-168, како и монети на Амфиполис и Тесалоника ковени во времето на Филип V.[42]

Во консталација на севкупната ситуација станува јасно дека градот Доберос, ситуиран на Исар-Марвинци, ќе заземе водечка улога во регионот, што ке се потврди подоцна, во римско време и доцната антика кога и областа ( Валандов-

[35] Павловска 2008, 24 и н.; Head, Historia numorum, Oxford 1911, 236-237. Види, Петрова Е. Два претпоставени птимероци на кралот Дропион од Музејот на Македонија, Македонски Нумизматички гласник Број 1, 49-55

[36] Gaebler 1935, 206, 5. Со мислењето на Геблер се совпаѓа и мислењето на Шелдаров и Лилчиќ. Види Шелдаров, Лилчиќ 1992, 7-11.

[37] Соколовска 1991, 214.

[38] Соколовска 2021, 159.

[39] Соколовска 2022, 8, 92.

[40] Соколовска 1991, 214; Соколовска 2022, 92.

[41] Санев 2022, 129 и н. Ископувањата кои ги изведува Музејот во Неготино под раководство на Г. Санев навестуваат истоветни културни манифестации констатирани на Вардарски Рид и Исар Марвинци.

[42] Соколовска 1974, 10, 11.

ската) ке биде позната како Доберска., а нејзини претставници ќе бидат учесници во екуменските собори.[43] Соседната Гортинија, макар што била на исто културно рамниште, веке одамна се наоѓала во рамките на македонското кралство.[44] Добер, сега како област, кој се уште ги чувал своите пајонски корени, требало да биде почастена со право да издава свои монети и на тој начин да стекне рамноправен статус со другите области на македонското кралство а чие население, макар што се вклопило во македонската културна сфера, мора да ги чувало своите традиционални белези. Значи, градот Доберос имал моќ и углед во текот на долг временски период, неговиот статус се наоѓал на повисока лествица во поширокото опкружување, а тој статус датира од дамнешно време, што ќе продолжи и во следниот, раноцарски период. Доберос бил значаен град во своето опкружување за да најде место во изворите и да биде спомнат како град кој бил опустошен од страна на Готите во 268 г. (Zosim. 1, 43). Добер е центар на една географска регија, на точка која, како крстосница го соединува Егејското крајбрежје со патните правци кои водатат кон Сердика и на север кон Дарданија. На крајот, би додале лично уверување дека еден крал на држава која има долга традиција, крал кој станал основач на пајонски коинон, кој подарил бронзена глава на пајонски бизон во Делфи не би бил задоволен неговото име на монетите да биде наведено со монограм.

На крајот на ова излагање да ги наведеме монетите со приказ на македонски штит на аверсот и преден дел од лаѓа на реверсот и натпис ΛΥΧΝΙΔΙΟΝ. (Сл. 8) Одамна е констатирано дека оваа појава е резултат на правото кое Филип V им го дал на градовите да коват сопствени монети, меѓу кои бил и Лихнид. Откривањето на овие монети покажа дека Лихнидос се наоѓал на истиот ранг на кој се наоѓале градовите во Македонија во времето на Филип V.[45] Меѓутоа, присуството на монети, неодамна откриени,[46] со приказ на Зевс – Амон со рог и молња со крила, проследен со натпис ΔΑΣΣΑΡΗΤΙΟΝ на реверсот, навлегува во сферата на меѓусебните административни односи на градот Лихнидос и дасаретската заедница - коинон. Во исто време, информациите поврзани со присуството на Амон-Зевс сведочи за прифаќањето на култот на ова египетско божество на територијата на Македонија.[47]




[43] Папазоглу 1957, 252.

[44] Thuk. II, 99. Податокот на Тукидид ја означува границата помеѓу Пајонија и Македонија во 429 г.пр.н.е.

[45] Битракова Грозданова 2001, 45 и н. со опширен коментар и целосна библиографија.

[46] Арџанлиев 2018, 128.

[47] Види заб. 45.

Viktorija SOKOLOVSKA

# COINS AND HISTORY


*Summary*

In this article the author brings out some coin finds which appeared as important information for the history of Paeonia and ancient Macedonia.

Discovery of some coins, decadrachms and octodrachms of so called tribal coinage with inscription of Derrones and Laeaei (Fig. 1) had showed that those Paeonian tribes occupied territory of East R. of Macedonia, and the region of Pautalia in early antiquity, which appears as confirmation of Thukidides information mentioned in his description of Sitalces campaign against Macedonia in 429 BC. The names of Euergetes and Ekgonos which appear on those coins, most probably belong to the local rulers.

The silver coin with inscription of TEUTAOS, dated to the last decades of V century BC, (Fig. 3) had showed that Paeonia was ruled by king before Agis. The sculpture of paeonian queen Besantis, made by sculptor Deinomenes, pupil of Policletos at the end of V century BC can be taken as an argument.

The location of Damastion is yet an unsolved problem in archaeological science. My suggestion and arguments for his location at Socanica, the region of Kopaonik, remained as before. The author turns attention to the toponimus of Dimosti mentioned on the Valdsemilers Carta Moderna, which should be the key argument for the location of Damastion. Emphasizing again their location near Damastion, Pelagia (Tetovo ?), Sarnoa (Gradiste – Brazda, Skopje ?) and Daparria (Kale – Krsevica,Vranje ?) the author regard them as agrianian towns which minted their coins in the neighboring Damastion. (See Fig.6).

The same concerns to the coins of Nikarhus and Simonos, agrianian rulers, who issued their coins in the mint of Damastion.

The invasion of Celts of 280/79 BC brought devastation on the whole road line where those invaders passed. Now, the Agrianian towns are occupied of Dardanians, and Velley of Bregalnica River by trakes Medi. The Axios Velley, now in the frame of Macedonian kingdom, succeeded to return itself in previous position. King Filip V, trying to revive the devastated towns gave right to region of Doberos, as most important town in the region and as main crossroad to issue their own coins with Zeus head on obvers and winged lightning on revers followed by inscription ΠΑΙΟΝΟΝ Δο. (Fig. 7) The same happened to Lihnidos whose coins bears the ship and legend ΛΙΗΝΙΔΙΟΝ, (Fig. 8) attesting his importance as main town in the region.


БИБЛИОГРАФИЈА


Akamatis 2020, Akamatis N., Aspects of red – figured pottery trade in the Macedonian Kingdom and beyond its northery borders, Monumenta 5, Skopje 2020, 169-184.

Арџанлиев 2018, Арџанлиев П., Монетоковање на Дасаретите, Патримониум мк Год. 11, Но. 16, Скопје 2018, 127-135.

Битракова Грозданова 1987, Битракова Грозданова В., Споменици од хеленистичкиоит период во Македонија, Скопје 1987.

Битракова Грозданова 2001, Битракова Грозданова В, Монетите и монетоковниците во Македонија, Скопје 2001, 45-53.

Gebler 1935, Gebler H., Die Antiken Munzen Nord Griechenlands (Makedonia und Paionia, 1935.

Хусеновски 2004, Хусеновски Б., Античките монети од Вардарски Рид, Гевгелија 2004.

Хусеновски 2007, Хусеновски Б., Античките монети од Вардарски Рид, Гевгелија 2007.

Josifovski 2020, Josifovski P., Finds and circulations of coins of King Philip V and King Perseus in the Republic of North Macedonia, Monumenta 5, Skopje 2020, 241-278.

Krstevski 2022, Krstevski C., DOBEROS, the ancient city at Isar-Marvinci, Skopje 2022.

Лилчиќ – Јосифовски 1994, Лилчиќ В., Јосифовски П., Сребрен диобол на пајонскиот владетел ΤΕΥΤΑΟ(Σ), Македонски нумизматички гласник 1, Скопје 1994, 27-37.

May 1939, J.H.F. May, The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region, Oxford, 1939.

Митревски, Темов, Митревски Д., Темов С., Нови наоди од Исар-Марвинци, MacedActaArchaeol 15, Skopje 1999, 135-156.

Митровиќ 2005, Митровиќ Г., Остава сребрног новца Дерона, Врањски Гласник, Књ. XXXIII, Врање 2005, 59-88.

Павловска 2008, Павловска Е., Монетите на Пајонија од Нумизматичката збирка на НБРМ, Скопје 2008.

Pavlovska 2020, Pavlovska E., The Coins of Macedon from Samuel`s Fortress Ohrid Monumenta 5, Skopje 2020, 311-350.

Папазоглу 1957, Папазоглу Ф, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

Papazoglu1969, Papazoglu F., Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba, Sarajevo 1969.

Поповиќ 2012, Поповиќ П., Централни Балкан измеѓу Грчког и Келтског света, Београд 2012.

Prokopov 2012, Prokopov I., A Hoard of Tetradrachns from the First Macedonian Meris Northwest Bulgaria II, Maced. Num. jour, No 5, Skopje 2012, 39-58.

PW RE IV>Z, 1901.

Санев 2022, Санев Г., Градиште – Неготино, Археолошки податоци за хронологијата на античкиот град, 14 Зборник на Археолошки музеј, 2019-2021, Скопје 2022, 129-154.

Соколовска 1966, Соколовска В., Од нумизматичката збирка на Археолошкиот музеј, Зборник на Археолошки музеј, кн.IV-V, Скопје 1966, 23-32.

Соколовска 1974, Соколовска В., Светилиште на Диоскурите кај Демир Капија, Жива Антика Год. XXIV, т. 1-2, Скопје 1974, 267-279

Соколовска 1975, Соколовска В., Новија археолошка ископавања у Демир Капији, Старинар, н. с. XXIV (1973/74) Београд 1975, 182-192.

Соколовска 1991, Соколовска В., Хеленистичка керамика во Повардарјето, Жива Антика бр. 9, Скопје 1991, 207-215.

Соколовска 1986, Соколовска В., Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986.

Соколовска 1990, Соколовска В., Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, MacedActaArhaeol. 11, Скопје 1990, 9-34.

Соколовска 1991,

Sokolovska 1996, Sokolovska V., The Coinage of Agrianes, Macedonian Numismatic Journal No. 2, Skopje 1996, 13-22.

Соколовска 2003, Соколовска В., Дарданци у предримско доба, Новопазарски зборник 27/2003, 27-48.

Соколовска 2005, Соколовска В., Уште еднаш за убикацијата на Дамастион, Коментари, Скопје 2005, 69-79.

Соколовска 2005а, Соколовска В. Дарданците во предримско доба, ЗБОРНИК, Археологија 2 Музеј на Македонија, Скопје 2005, 133-147.

Соколовска 2011, Соколовска В., За некои карактеристики на материјалната култура на Агријаните, MacedActaArchaeol 20, Скопје 2011, 215-243.

Соколовска 2011, Соколовска В., Античкиот град на Исар-Марвинци Валандово, http // Porta Archaeologica.com, Скопје 2011.

Sokolovska 2012, The Ancient Town at Isar – Marvinci, Valandovo, http// Kalamus.com., Скопје 2012.

Соколовска 2013 Античка Демир Капија, http:// Porta archaeologica.com., Скопје 2013.

Соколовска 2014, Соколовска В., За импортот во Пајонија во античко време, Патримониум.мк, Год. 9, Но. 14, Скопје 2016, 53-61.

Соколовска 2016, Материјална култура Агријана, Патримониум.мк, Год. 11, Но. 16, Скопје 2018, 79-102.

Соколовска 2021, Соколовска В., Еден поглед врз историските настани по течението на Реката Брегалница, Патримониум мк. Год. 13, Но. 19, Скопје 2021, 153-166.

Соколовска 2022, Соколовска В., Прилози за историјата на Пајонија и Античка Македонија Патримониум мк Год. 14, Но. 20, Скопје 2022, 81-104.

Strabon, Strabonis Geographica, ed. A. Meineke, Lipsiae I (1805)

Thucydidis Historiae, ed. H. S. Jones – J. E. Powell.

Шелдаров, Лилчиќ 1992, Шелдаров Н., Лилчиќ В., Монетите со натпис ΠΑΙΟΝΟΝ, Нумизматичке вијести , Загреб 1992, 7-11.

Ујес, Ромиќ 1996, Ујес Д., Ромиќ К., Положај града Дамастиона, Гласник САД 11, Београд 1996, 77-98.

Ujes 2002, Ujes D., Recherche sur la localisation de Damastion et ses mines, Revue numismatique 158 Volume, Paris 2002, 103-129.

Zosim, Zosim comitis et exadvocati fisci Historia nova ed. I. Mendelsson Lipsiae 1887.